АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 19.08.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 3154/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 5 август 2026 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 август 2026 година;
5. **Предмет на надзорот**:
   - **Член 54 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(*Спонзорираните аудио или аудиовизуелни медиумски услуги или програми не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување на стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување.);
   - **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024).

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 09.07.2026 година, за непочитување на членот 54 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 03-203 од 09.07.2026 година) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (10.07.2026 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот програмски надзор врз програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, емитуван на 5 август 2026 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **<u>во целост постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена</u>**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***